Назив на СЗ	**Контролор за безбедност во железничкиот сообраќај**
Код на СЗ	1012.52.01
Сектор	СООБРАЌАЈ, ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ
Ниво на сложеност на работни задачи	V (петто)
Опис на занимањето	Контролор за безбедност во железничкиот сообраќај поседува потребни знаења, вештини и компетенции за постојана контрола на навремено и безбедно извршување на сообраќајот, како и доследна примена на прописите и упатствата од страна на железничките работници кои непосредно учествуваат во работата и одвивањето на железничкиот сообраќај. Поседување на основни барања за професионално извршување на контролата и надзорот како и за оценување на ефективноста на планирањето и организација на извршување на сообраќајот во една или повеќе станици, начинот на регулирањена сообраќајот во едно или повеќе меѓустанични растојанија како и на маневарската работа во станица или во меѓустанично растојание, односно организација на маневарска работа до и во индустриски колоседи. Контрола на начинот на организацијата и планирањето на поставување на вагони за натовар и истовар. Контрола на начинот на припремата и составот на воз и маневарски состав. Контрола на начинот на изработката и контрола на документи за воз и маневарски состав. Контролата на начинот на работењето на персоналот и сигнално сигурносните уреди при извршување на сообраќајот. Приодичен преглед на процесите и постапките кои се применуваат во железничкиот систем (целта е проверка на продолжување на ефективноста на системот на сигурносно управување (ССУ)). Контролирање на слабостите на оперативните перформанси на специфичните процеси и оперативни области каде е констатирано намалување (влошување) на безбедносните индикатори на специфичните процеси и оперативни областикаде има појава на несреќи (загрозувања) или инциденти и опаснинастани кои се случиле или се повторуваат. Контролата обезбедува (собирање) докази врз основа на кои може да се изврши оценка (констатација) позитивна или негативна, за состојбата на безбедноста на сообраќајот преку: - интервју (обезбедување на изјави); - набљудување на активностите - преглед и контрола на документи, скици, фотографии (визуелно и со споредување) - анализи и извештаи од извршена контрола и надзор над извршувањето на сообраќајот и сл.

Број	Функции на занимањето	Задачи на занимањето	Компетенции на занимањето
1.	Планирање и организирање на активности	Планира и организира сопствена работа	1. Изготвува план за вршење на контроли (дневни и ноќни), обиколки по пруги, придружба на возови (особени пратки, влечни и влечени железнички возила); 2. Изготвува доплолнителен план за присуство на подучувања што ги одржуваат училишните инструктори согласно планот за контроли и предлага мерки за подобрување на подучувањето; 3. Изготвува план за учество во алкотест проверки кај извршниот персонал заедно со други надлежни служби.
2.	Подготовка за работа	Подготвува работно место и ресурси за работа	1. Го подготвува работното место за работа; 2. Ја проверува документацијата по која се работи – континуирано го следи развојот на сообраќајно - техничките прописи и други нормативни акти и нивната функционалност во практичното применување при извршувањето на железничкиот сообраќај; 3. Изготвува планови за обиколки (дневни и ноќни) по пруги, станици, возови, и извршни единици во врска со правилна примена на сообраќајно - техничките прописи и други нормативни акти; 4. Ја проверува содржината и исправноста на уредите и сретствата за работа; 5. По потреба врши исправки на правилници, упатства и на материјалот за возниот ред.
3.	Оперативни активности	Континуирано врши контрола на извршувањето на сообраќајот и се ангажира за организација на тековните и идните активности	1. Спроведува пропишани нормативи во работата, соработува со останатите служби, референти и соработници, води постојана грижа за безбедноста во железничкиот сообраќај; 2. Врши (дневни и ноќни) обиколки по пруги, станици, возови и извршни единици во врска со правилна примена на сообраќајно - техничките прописи и други нормативни акти; 3. Лично или преку соодветни технички средства ја контролира работата на работниците кои користат соодветна компјутерска програма за следење на извршување на сообраќајот и за

Број	Функции на занимањето	Задачи на занимањето	Компетенции на занимањето
			ажурирање на податоците; 4. Ја контролира работата на сообраќајните работници при формирање, расформирање и сообраќај на воз и маневарска работа; 5. Го контролира извршувањето и спроведувањето на исправките-дополнувањата на сите правилници, упатства и материјалот за возниот ред од страна на непосредните учесници во сообраќајот; 6. За својот делокруг на работа води соодветни евиденции, особено оние кои се важни за безбедноста на сообраќајот (бавни возења, затвори на пруги, опасни материи и особени пратки); 7. Континуирано го следи развојот на сообраќајно - техничките прописи и други нормативни акти.
		Учествува во посебни активности поврзани со извршување на сообраќајот	1. Учествува во изработка на службени соопштенија и акти од посебен карактер во врска со безбедноста на железничкиот сообраќај и карактеристичните вонредни настани врз основа на анализирана состојба на безбедноста на железничкиот сообраќај; 2. Учествува во расчистувањето на вонредни настани и помага во работата на Комисијата за вонредни настани за нормализирање на сообраќајот; 3. По потреба учествува во работата на работните групи формирани од надлежните служби; 4. Ја контролира функционалноста на сообраќајно - техничките прописи и други нормативни акти и нивната практична примена при извршувањето на железничкиот сообраќај; 5. Детално го следи и анализира отстапувањето од возниот ред врз основа на извршената ревизија и ги утврдува причините за отстапувањето, а за неправилностите испоставува содветни забелешки.
		Ја контролира потребната	1. Ги контролира податоците заформирање и расформирање на воз;

Број	Функции на занимањето	Задачи на занимањето	Компетенции на занимањето
		техничка документација за, формирање и расформирање на воз	2. Ја проверува валидноста на изработената техничка докумнтација и сообраќајни документи; 3. Ја контролира примената на прописи и нормативи за изработка на сообраќајни документи.
		Контролира распоред на материјални и човечки ресурси за формирање и расформирањена воз и маневсрка работа	1. Контролира начин и економичност на употребени влечни и влечени средства при состав и растав на воз и маневарска работа 2. Контролира начин на користење на техничката и пропишаната документација за сообраќај на воз и маневарска работа.
4.	Комерцијални активности	///	///
5.	Административни активности	Подготвува и контролира извештаи	1. Подготвува извештаи по работни налози според извршените работи и според редовноста на работниците; 2. Доставува извештај и подготвува податоци за анализа, изработување на програми, извештаи и други акти за потребите на стручните служби врз основа на утврдената состојба при контролите; 3. Презема мерки за отстранување на неправилностите; 4. Контролира извештаи од комерцијален аспект за извршување на сообраќајот; 5. Контролира присутност на персоналот врз основа на извештаи
6.	Активности за осигурување на квалитет	Контролира квалитет на извршената работа од безбедносен аспект	1. Го проверува начинот на извршување на работата согласно дадената техничка и пропишана документација и воспоставените норми на извршување на работат; 2. Учествува во организирање и спроведување на редовни и вонредни стручни и периодични испити за работниците кои непосредно учествуваат во вршење на железничкиот сообраќај; 3. Дава оцена на работниците при стручен испит
		Собира докази врзоснова на кои	1. Спроведува интервју (обезбедување на изјави);

Број	Функции на занимањето	Задачи на занимањето	Компетенции на занимањето
		може да се изврши оценка (констатација) позитивна или негативна, за состојбата на безбедноста на сообраќајот	2. Набљудува активности; 3. Врши преглед и контрола на документи, скици, фотографии (визуелно и со споредување); 4. Аанализира извештаи од извршена контрола и надзор над извршувањето на сообраќајот.
7.	Одржување и поправки	Одржување на уредите, алатот и приборот за работа	1. Води сметка уредите, алатот и приборот за работа да се користи правилно и оптимално да не се оштетуваат и редовно да се одржуваат; 2. Води сметка дефектите на уредите, алатот и приборот да се пријавуваат благовремено и истите да бидат исправни за работа.
8.	Комуникација	Комуницира со претпоставените, со работниците и корисниците	1. Комуницира со раководителите, работниците и корисниците при контролата и извршување на сообраќајот; 2. Користи вербална и комуникација по пат на телекомуникациски уреди кои се користат на железница.
9.	Здравје, безбедност изаштита при работа и заштита на животна средина	Применува и контролира мерки за заштита при работа и заштита на животна средина	1. Применува и контролира користење на уреди, средства и опрема за заштита при работа; 2. Применува и контролира примена на ПП заштита согласно законските прописи; 3. Применува и контролира користење на еколошки и енергетски ефикасни материјали; 4. Контролира состојба на влечни и влечени средства при извршување на сообраќајот од аспект на безбедност и заштита при работа и заштита на животна средина.

Знаење за занимањето / Вештини за занимањето:
Знаење за занимањето: • Толкува нормативи и сигурносни прописи за извршување на сообраќајот; • Го опишува системот на сигурносно управување (ССУ) на односната организација; • Ги идентификува видовите на влечни и влечени возила и нивните технички

карактеристики;
- Препознава сигнално сигурносни и телекомуникациони уреди како и нивните својства за извршување на сообраќајот;
- Опишува сообраќајни уреди и средства како и нивните својства за извршување на сообраќајот;
- Идентификува техничка документација за формирање и расформирање на воз и маневарски состав;
- Идентификува правила за пополнување на сообраќајни документи;
- Толкува соодветни прописи врз основа на кои се вршат анализи и извештаи од извршена контрола и надзор над извршувањето на сообраќајот и сл;
- Анализира содржина на извештаи за плата според редовноста на работниците;
- Опишува правила за определување на квалитет и квантитет на влечни и влечени средства;
- Идентификува соодветни евиденции, особено оние кои се важни за безбедноста на сообраќајот (бавни возења, затвори на пруги, опасни материи и особени пратки);
- Набројува карактеристики на еколошки и енергетски ефикасни материјали кои се применуваат во сообраќајот;
- Препознава опрема за заштита при работа и ПП заштита согласно законските прописи на влечните и влечените средства.

Вештини за занимањето:

- Применува нормативи и сигурносни прописи во извршување на сообраќајот;
- Користи соодветна софтверска програма за следење на извршувањето на сообраќајот и ажурирање на податоците;
- Избира потребни ресурси за извршување и следење на сообраќајот;
- Подготвува и анализира извештаи од извршена контрола и надзор над извршувањето на сообраќајот;
- Предвидува, користи и анализира обем и количина на влечни и влечени средства според нивните техничките карактеристики;
- Подготвува статистички анализи и извештаи;
- Го применува системот на сигурносно управување (ССУ) на односната организација;
- Подготвува налози за сигурно извршување на работата според сообраќајните прописи и норми;
- Подготвува извештаи за плата според редовноста на работниците;
- Проверува квалитет на уреди, алат и прибор за работа и води сметка истите да бидат исправни за работа;
- Контролира примена и применува лична опрема за заштита при работа и ПП заштита согласно законски прописи;
- Применува еколошки и енергетски ефикасни материјали;
- Врши проверка на опремата за заштита при работа и ПП заштита согласно законските прописи на влечните и влечените стредства;
- Учествува во изработка службени соопштенија и акти од посебен карактер во врска со безбедноста на железничкиот сообраќај и карактертистичните вонредни настани, а врз основа на анализирана состојба на безбедноста на железничкиот

сообраќај; • Учествува во изработка наставни планови и програми за редовното поучување на работниците кои непосредно учествуваат во вршењето на железничкиот сообраќај, врз основа на кои, потоа, инструкторите разработуваат конкретен план и програма за секој час на наставата.

Клучни компетенции	**Комуникација на мајчин јазик:** Способен е да остварува отворена комуникација и слободно да споделува информации кои се однесуваат на изведување сообраќајни работи и решенија за поефикасна работа, користејќи професионален речник. Зборува и пишува јасно, користејќи јазик што другите можат лесно да го разберат, остварува сталожена и делотворна јазична интеракција со вработените, надворешните соработници и корисници на сообраќајните услуги во проблематични ситуации. Користи различни водови документација. Донесува точни и соодветни заклучоци врз основа на добиените информации, споделува и толкува концепти, мислења, наредби, факти, барања и ставови во усна и писмена форма. **Комуникација на странски јазик:** Способен е да разбира информации и факти во усна и во писмена форма. Да користи странски јазик во специфичен општествен и културен контекст поврзан со работата, способен е да го користи странскиот јазик и да го надградува своето знаење и вештина во сферата на стручната терминологија и уреди за работа. **Математички компетенции и основни компетенции во областа на науката и технологијата:** Непосредно или посредно учествува во решавањето на задачи и пресметки, утврдување на сигурносни параметри и утврдување на потребен број навлечни и влечени средства и опрема според сигурносните параметри и карактеристики. Користи и работи со технички и технолошки уреди и алатки за компетентно извршување на работните задачи. **Дигитални компетенции:** Користи основна информатичка технологија за да обезбеди најдобра функционалност на алатите и уредите за работа, пребарува, собира и процесира дигитални информации и ги користи на делотворен и систематски начин, користи информатички алатки за подготовка, презентација и разбирање на сложени работни информации, прави неопходни ажурирања на хардвер и софтвер компјутерската опрема со која работи. **Учење да се учи:** Способен е да стекне, обработи и усвои ново знаење и вештини заради личен напредок и унапредување на работата. Управува

	со сопственото учење, кариерата и работните рутини и учествува во организирано поучување и е истраен кон автономното учење. Учи од грешки на конструктивен начин, пристапува, обработува и стекнува ново знаење и вештини за сопстве личен развој. **Општествени и граѓански компетенции:** Во секојдневното опкружување, способен е да покажува толерантност, да изразува и разбира различни гледишта, да создава доверба, да покажува флексибилност и адаптибилност за новонастанати ситуации и да е мотивиран за работа во сопствената област. Гради позитивен однос кон професионалните етички норми и вредности. Агендата на тимот ја става пред личната агенда. **Чувство за иницијатива и претприемништво:** Покажува иницијатива за подобрување на сообраќајот и негово извршување. Придонесува за правилен однос кон динамиката на сообраќајот. Предвидува потенцијални ризици и навреме се подготвува за нив. **Културолошка свест и културно изразување:** Го препознава и почитува креативниот израз на идеи и искуства, поврзувајќи ги со самоподобрување на членовите на тимот. Ги приближува сопствените креативни ставови со размислувањата на другите членови на тимот, со што ќе се подобри ефикасноста во нивното работење. Ги приспособува работните активности и пристапи во согласност со променливите работни околности.

Посебни услови	1. Уверение за Општа професионална способност; 2. Уверение за стручно познавање и компетентност во врска со железничката инфраструктура.

Законска регулатива, прописи и стандарди	• Закон за железнички систем; • Закон за сигурност на железничкиот систем; • Закон за интероперабилност на железничкиот систем; • Законот за превоз и договори за превоз во железнички сообраќај; • Закон за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај; • Закон за животна средина; • Законот за безбедност и здравје при работа; • Закон за работни односи.

Донесен од:	Министерство за труд и социјална политика

Датум на одобрување	Решение бр.08-8964/25 Од 15.12.2017 година	**Датум на ревизија**	